





**Дали сакате да го доживеете првото професионално искуство? Да научите како да извршувате интересни активности и притоа да докажете дека можете да се воодушевувате и ангажирате? ЕВН Македонија им нуди можност за извршување на практикантска работа на средношколците и студентите за време на летните месеци.**

# Практикантска работа во ЕВН Македонија

Практикантската програма претставува одлична можност за студентите да се запознаат и да ги истражат потенцијалните работни места во корпоративниот свет и да се здобијат со вредно работно искуство. Создадена е да им помогне да развијат вештини кои се клучни за одредени видови работни места и може да биде одлична можност за проширување на академското знаење.

Искористете ја практикантската работа за да ги откриете своите кариерни интереси и да добиете фидбек од професионалци во однос на вашите силни и слаби страни!

**Ги очекуваме Вашите апликации најдоцна до 10.06.2016 година на praktikum@evn.mk**

Во предметот на дописот наведете ја посакуваната област и град каде сакате да извршувате практична работа.

ЕВН Македонија, Човечки ресурси, 11 Октомври бр.9, 1000 Скопје, Р.Македонија
www.evn.mk , praktikum@evn.mk